РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-35/1
02.01. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2023 ГОДИНА

**Арх. бр. 11-35/1**
**2 јануари 2024 година, Велес**

## СОДРЖИНА

1. Содржина .......................................................................................... 2
2. Вовед .................................................................................................. 3
3. Табеларен приказ на активности
(Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на реализирање) .................................................................. 3
4. Наративно образложение на активности ........................................... 7
5. Образложение за Извештајот ............................................................ 27
6. Легенда на кратенки......................................................................... 28

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-35/1
02.01. 2024 год.
ВЕЛЕС

**До**
**Градоначалник на Општина Велес**
**Совет на Општина Велес**
**Агенција за млади и спорт**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), а согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади од Општина Велес, го изработи и достави до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, следниот:

## ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службеникот за млади од Општина Велес во 2023 година

### Табеларен приказ на активности

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2022 година | Градоначалник / СОВ / АМС | 3 јануари 2023<br>26 јануари 2023 | 11-42/1 |
| 2 | Учество на трибина „Заеднички заложби за трансформативни практики кон зелена и просперитетна општина" | Фондација „Импакт Нет", Велес | 25 јануари 2023 | / |
| 3 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2022 година | Совет на Општина Велес | 26 јануари 2023 | 25-513/23 |
| 4 | Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Младинскиот центар во 2022 година | Совет на Општина Велес МЦВ | 26 јануари 2023 | 25-513/24 |
| 5 | Донесена Одлука на СОВ за верификација на мандатите на членовите на ЛМС Велес | Совет на Општина Велес | 26 јануари 2023 | 25-513/18 |
| 6 | Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2022 година | Службеник за млади | 30 јануари 2023 | / |
| 7 | Учество на работна средба, Проект: „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", Скопје | УНДП<br>УНФПА | 6 февруари 2023 | 11-640/1 |
| 8 | Потпишан Меморандум за соработка за потребите на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" со УНДП | УНДП<br>Градоначалник на Општина Велес | 2 февруари 2023 | 08-640/2 |
| 9 | Одржан состанок во врска со буџетот на Младински центар Велес во 2023 година | Градоначалник<br>СМР<br>Фондација „Фокус" | 13 февруари 2023 | 11-141/3 |
| 10 | Одржана Прва (конститутивна) седница на ЛМС Велес | ЛМС Велес | 14 февруари 2023 | 11-700/1 |
| 11 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | Барател | 15 февруари 2023 | 26-895/1/2/3 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 26-895/4/5/6 |
| 12 | Потпишан Договор за раководење и управување со Младински центар Велес (втора година) | Градоначалник Фондација „Фокус" | 15 февруари 2023 | 08-141/5 |
| 13 | Одржана работна средба со ЛМС Велес со цел креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година | ЛМС Велес | 1 март 2023 | / |
| 14 | Одржана работна средба со млади за консултации со цел креирање на Национална стратегија за млади 2023 - 2027 | АМС / УНДП УНФПА / СМР УНИЦЕФ / Влада ООУ / СОУ МЦВ / ЛМС | 7 март 2023 | 11-640/3 |
| 15 | Одржана работна средба со Градоначалник со цел креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година | Градоначалник ЛМС Велес | 9 март 2023 | / |
| 16 | Одржана втора седница на ЛМС Велес | ЛМС Велес | 17 март 2023 | 11-700/17 |
| 17 | Учество на еко акција со млади | Ученици од СОУ МЦВ ЛМС Велес Општина Велес ЈКП „Дервен" | 21 март 2023 | / |
| 18 | Потпишан Меморандум за соработка за потребите на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" со УНФПА | УНФПА Градоначалник на Општина Велес | 31 март 2023 | 08-640/5 |
| 19 | Донесен Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2023 година | СОВ ЛМС Велес | 6 април 2023 | 25-1834/10 |
| 20 | Присуство на официјално отворање на музичко – културно катче во МЦВ | МЦВ / Млади | 7 април 2023 | / |
| 21 | Доставен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер | Барател | 24 април 2023 | 26-2046/1 26-2046/2 |
| 22 | Одржана трета седница на ЛМС Велес | ЛМС Велес | 25 април 2023 | 11-700/28 |
| 23 | Радио интервју со Службеник за млади | Македонско радио Радио 2 | 4 мај 2023 | / |
| 24 | Одбележан Денот на Европа, 9 Мај | МЦВ / Млади | 9 Мај 2023 | / |
| 25 | Остварена средба и обраќање на Службеникот за млади со/кон млади, во рамки на проектот „Локални младински банки" | ЗГ „Младите можат" ОО Црвен крст Велес / млади | 19 мај 2023 | 11-293/3 |
| 26 | Учество на 5. меѓународна Конференција на чинители од земјите членови на партнерството „Europe Goes Local", Стокхолм, Шведска | Национална агенција за европски образовни | 23-25 мај 2023 | 11-2140/1 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | програми и мобилност | | |
| 27 | Одржана средба со амбасадорката на Кралството Шведска, Н.Е. Ејми Ларсон Цејн | Амбасада на Кралство Шведска Делегација на ЕУ Европска куќа Скопје / Млади | 12 јуни 2023 | / |
| 28 | Одржана четврта седница на ЛМС Велес | ЛМС Велес | 16 јуни 2023 | 11-700/38 |
| 29 | Одржана петта седница на ЛМС Велес | ЛМС Велес УНДП / УНФПА | 16 јуни 2023 | 11-700/39 |
| 30 | Учество на настан за вмрежување на ЛМС „Младински бран", Гевгелија | ЛМС Велес ЛМС Гевгелија МЦВ | 6 јули 2023 | 11-700/49 |
| 31 | Одржана работна средба со Градоначалник на Општина Велес и УНДП/УНФПА | УНДП/УНФПА | 12 јули 2023 | 08-640/9 |
| 32 | Доставени предлог идеи за дополнување на законските одредби во Законот за младинско учество и младински политики | НМСМ | 26 јули 2023 | / |
| 33 | Учество на обука за подигнување на капацитети на Локални младински совети и Службеници за млади, Маврово | Општина Битола Општина Гостивар Општина Охрид Општина Струга УНДП/УНФПА | 26-28 јули 2023 | 11-640/10 |
| 34 | Одржан работен состанок со ЛМС Гевгелија во Велес | ЛМС Гевгелија Службеник за млади од Општина Гевгелија МЦВ | 10 август 2023 | / |
| 35 | Одбележан меѓународниот Ден на младите, 12 август 2023 | МЦВ ЛМС Велес ЕУХ Велес | 11 август 2023 12 август 2023 | / |
| 36 | Одржан координативен состанок со Службеници за млади од општините Велес, Берово и Гевгелија во Агенција за млади и спорт, Скопје | АМС Општина Берово Општина Гевгелија | 6 септември 2023 | / |
| 37 | Учество на обука во рамки на проект за климатски промени со Агенција за млади и спорт, Охрид | АМС Општина Берово Општина Гевгелија | 15-17 септември 2023 | / |
| 38 | Спроведени анкети со млади во врска со измените на Законот за младинско учество и младински политики | Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп | 19 септември 2023 | 11-3828/1 |
| 39 | Потпишан Меморандум за соработка со Агенција за млади и спорт | АМС Општина Берово | 26 септември 2023 | 08-700/54 |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | Општина Гевгелија | | |
| 40 | Реализирано интервју со Службеник за млади во врска со измените на Законот за младинско учество и младински политики | Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп | 27 септември 2023 | 11-3828/2 |
| 41 | Промоција на филм за млади „Моите, твоите, нашите улици" | УНДП, УНФПА, UN Women, УНЕСКО, МЦВ | 5 октомври 2023 | / |
| 42 | Објавен Јавен повик за волонтерски ангажман на волонтер од локалната заедница | УНФПА UN Volunteers | 5 октомври 2023 | / |
| 43 | Одржана работилница за утврдување идеја (еко проблем) за реализација во рамки на проект за климатски промени (АМС) | АМС, УНИЦЕФ, Општина Берово Општина Гевгелија | 13 октомври 2023 | / |
| 44 | Одржано интервју со кандидати по објавен Јавен повик за волонтер од заедницата | УНФПА Кандидати | 13 октомври 2023 | / |
| 45 | Учество на регионална Конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво „Младински соседски дијалози: Сега за иднината!", Скопје | Службеници за млади од општини ЛМС од општини Волонтери на Обединети нации УНДП / УНФПА / UN Woman АМС / МОФ Претставници од Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово | 25 и 26 октомври 2023 | / |
| 46 | Обука за градење на капацитетите на Локалните младински совети и Службеници за млади, Велес | УНФПА Опптина Струга Општина Битола Општина Охрид Општина Гостивар | 2 – 5 ноември 2023 | / |
| 47 | Менторство и соработка со волонтер од локалната заедница на Програмата за волонтери на Обединетите нации (УНВ) | УНФПА / УНВ Волонтер од локалната заедница | Ноември – април 2023 | / |
| 48 | Одржана zoom средба со ЛМС Харносанд, Шведска | ЛМС Велес ЛМС Харносанд, Шведска Амбасада на Кралство Шведска | 16 ноември 2023 | / |

| бр | Активност | Партнери / Соработници / Засегната страна | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | | ЕУХ Скопје и ЕУХ Велес | | |
| 49 | Одржан работен состанок со консултант на проектот за климатски промени на АМС | АМС | 16 ноември 2023 | / |
| 50 | Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември | УНВ волонтер Мировен корпус ЛМС Велес МЦВ / ЗГ Ученици од СОУ млади | 5 декември 2023 | / |
| 51 | Остварен координативен online состанок со претставници од општинска администрација, УНФПА и МОФ | УНВ волонтер Раководител на Одделение за јавни дејности УНФПА / МОФ | 6 декември 2023 | / |
| 52 | Презентација на нацрт-елаборат во рамки на проектот за климатски промени (АМС) | АМС / УНИЦЕФ СОВ / Одделенија за животна средина, урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и јавни дејности | 7 декември 2023 | / |
| 53 | Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни | Службеник за млади | во тек на цела 2023 година | / |

- **Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани согласно датумот на нивно реализирање.**

## Наративно образложение на активности

1. **Доставен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2022 година**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади во Општина Велес (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за работата на иституцијата во делокругот за млади и го доставува до Агенцијата за млади и спорт.

Почитувајќи ги принципите на транспарентност, отчетност и јавност, овој Извештај е истовремено доставен и до Градоначалникот на општината (арх. бр. 11/42-1, од 3 јануари 2023 година) и до Советот на општината, додека на 26 јануари 2023 година по електронски и поштенски пат е доставен и до Агенцијата за млади и спорт.

**Линк:**
https://veles.gov.mk/downloads/2023/fevruari/Izvestaj%20za%20rabotata%20na%20sluzbenikot%20za%20mladi%20za%202022%20godini.pdf

2. **Учество на трибина „Заеднички заложби за трансформативни практики кон зелена и просперитетна општина"**

По доставена покана за присуство на Јавна трибина на тема „Заеднички заложби за трансформативни практики кон зелена и просперитетна Општина" од страна на Фондација „Импакт Нет" од Велес, Службеникот за млади и останати поканети, на ден 25 јануари 2023 година, во просториите на Општина Велес, присуствуваше на овој настан каде говореа претставници на младите од градот, сегашни и поранешни градоначалници во Општина Велес, советници во Советот на Општина Велес, сегашни и поранешни пратеници во републичкото собрание од Велес и претставници на Здруженијата на граѓани од градот.

3. **Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во 2022 година**

На првата седница на Советот на Општина Велес, одржана на 25 јануари 2023 година, Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2022 година беше ставен на разгледување и беше усвоен, за што беше донесен Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2022 година (арх. бр. 25-513/23, од 26 јануари 2023 година).

4. **Донесен Заклучок на СОВ за усвојување на Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2022 година**

На првата седница на Советот на Општина Велес, одржана на 25 јануари 2023 година, Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2022 година беше ставен на разгледување и беше усвоен, за што беше донесен Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Младински центар Велес во 2022 година (арх. бр. 25-513/24, од 26 јануари 2023 година).

5. **Донесена Одлука на СОВ за верификација на мандатите на членовите на ЛМС Велес**

На првата седница на Советот на Општина Велес на почетокот на новата календарска година, одржана на 25 јануари 2023 година, беше донесена Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 25-513/18, од 26 јануари 2023 година).

Со тоа се верификуваа мандатите на сите седум членови на ЛМС Велес во наредниот двегодишен период и се овозможи процесот на одржување на седници на ЛМС Велес да започне, односно ЛМС Велес да започне со својата работа.

6. **Објавен Извештај за работата на Службеникот за млади во 2022 година на интернет страницата на Општина Велес**

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (08-2102/1, од 20.05.2021 година), по изготвувањето и доставувањето на Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина

Велес за 2022 година до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, истиот е јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес.

**Линк:**https://veles.gov.mk/downloads/2023/fevruari/Izvestaj%20za%20rabotata%20na%20sluzbenikot%20za%20mladi%20za%202022%20godini.pdf

7. **Учество на работна средба во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", Скопје**

Во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот на Население на Обединетите нации (УНФПА) организираа еднодневна работна средба со преставниците (Службениците за млади) од петте партнер-општини во проектот: Велес, Битола, Гостивар, Охрид и Струга.

Целта на работната средба беше да се дискутира за целите и активностите кои се спроведуваат во проектот во тековната 2023 година, како и за предлог-планот за реализација на активностите во периодот кој следи.

Работната средба се одржа во просториите на УНДП, во Скопје, на 6 февруари 2023 година.

8. **Потпишан Меморандум за соработка за потребите на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" со УНДП**

По доставена иницијатива од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) за вклучување на Општина Велес во проект насловен „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" (арх. бр. 08-4766, од 31 октомври 2022 година), на 24 ноември 2022 година, Службеникот за млади оствари првичен и информативен состанок со Градоначалникот на Општина Велес и претставниците на УНДП и УНФПА за вклучување на Општина Велес во проектот, за што Градоначалникот изрази благодарност и согласност за вклучување на Општина Велес во проектот. Партнери на Општина Велес во овој проект се Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА).

Целта на проектот е давање поддршка на младински иницијативи, поттикнување на меѓусебно разбирање и доверба. Во рамките на проектот беа реализирани низа активности како што се поддршка за воспоставување и развој на локални младински совети, истражувања, обуки на членовите на ЛМС, поддршка на граѓанските организации и подготовка на Националната Стратегија за млади. Придобивки од проектот: зајакнување на капацитетите на општината и Локалниот младински совет за младински политики, поддршка на локалниот граѓански сектор и можности за регионална соработка. Држави во кои се реализира овој проект: Македонија, Србија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина. Вклучени општини во кои се реализира овој проект, а врз основа на направена анализа на проактивност на самите општини и Службениците за млади во врска со работењето и придонесот кон/за младите се општините Велес, Битола, Охрид, Струга, Гостивар. Периодот на имплементација на проектот е две (2) години. Проектот е финансиран од Фондот за градење мир на Обединетите нации.

Врз основа на поднесената иницијатива беше потпишан и Меморандум за сорботка помеѓу Општина Велес и донаторот УНДП (арх. бр. 08-640/2, од 3 февруари 2023 година).

Во периодот кој следи, ќе биде потпишан и Меморандум за соработка помеѓу Општина Велес и УНФПА (објаснето во точка 18 од овој Извештај).

**9. Одржан состанок во врска со буџетот на Младински центар Велес во 2023 година**

По барање на Сојузот за младинска работа (СМР), како стратешки партнер на Агенцијата за млади и спорт (АМС), на 13 февруари 2023 година, беше одржан состанок со Градоначалникот на Општина Велес, раководните лица од Општина Велес, претставниците на Организацијата која раководи со Младинскиот центар и Службеникот за млади од Општина Велес.

Тема на состанокот беше буџетот за работа на Младинскиот центар во Велес за 2023 година, претставен во Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2023 година. На состанокот за донесе заклучок да се склучи Договор за раководење и управување со Младински центар Велес во 2023 година, навремено, со тоа што поради предвидените законски одредби кои треба да стапат на сила во март или април 2023 година за зголемување на минималната плата, со истиот да се предвиди Анекс на Договор, согласно кој учеството на Општина Велес од 50% ќе се зголеми во текот на календарската година.

**10. Одржана Прва (конститутивна) седница на ЛМС Велес**

На ден 14 февруари 2023 година (вторник), а врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес и согласно Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 25-513/18, од 26.01.2023 година), по покана на Службеникот за млади, членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес (ЛМС Велес), ја одржаа Првата (конститутивна) седница.

**Линк**: https://veles.gov.mk/formiran-lokalniot-mladisnki-sovet-na-opstina-veles/

**11. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на барател, а во врска со поддршката која Општина Велес ја дава и обезбедува за развој на младите во општината, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 15 февруари 2023 година (арх. бр. 26-895/1/2/3, од 15 февруари 2023 година и арх. бр. 26-895/4/5/6).

Одговорот по електронски пат е доставен до барателот на информацијата.

**12. Потпишан Договор за раководење и управување со Младински центар Велес (втора година)**

Согласно донесеното Решение за избор на организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес за период од три години, беше склучен Договор за раководење и управање со Младински центар во Велес (арх. бр. 08-

141/5, од 15 февруари 2023 година) помеѓу Градоначалникот на Општина Велес и Фондација за локален развој и демократија „Фокус" од Велес.

Предмет на овој Договор е утврдување на правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење и управување со Младински центар Велес. Исто така во него е конкретизирано управувањето и раководењето со Младинскиот центар дека ќе го врши Фондација за локален развој и демократија „Фокус", Велес во име на група организации, заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес.

Договорот се однесува на поддршката која Општина Велес, согласно Законот за младинско учество и младински политики ја дава во тековната, 2023 година.

**13. Одржана работна средба со ЛМС Велес со цел креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година**

ЛМС Велес донесе Одлука за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС во 2023 година (арх. бр. 11-700/10, од 16.02.2023 година), којашто подготви Записник за својата работа (арх. бр. 11-700/5, од 6 март 2023 година) каде констатираше дека членовите на ЛМС Велес одржаа вкупно осумнаесет (18) средби / консултации / фокус групи / состаноци со млади луѓе од Општина Велес, како и со останати релевантни и засегнати страни, а воедно и со Службеникот за млади од Општина Велес, во временскиот период февруари / март 2023 година, со цел прибирање предлози и идеи за реализација на активности и иницијативи кои ќе бидат претставени во годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година.

Работната група ги прибра и ги срочи во еден заеднички текст предлозите и идеите произлезени од работните состаноци со засегнатите страни, насловен „Годишна Програма за работа на Локален младински совет на Општина Велес во 2023 година". Истата навремено ја достави до членовите на ЛМС Велес и до Службеникот за млади во Општина Велес, по што ЛМС Велес донесе Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година (арх. бр.11-700/20, од 17.03.2023 година). Истата беше доставена и до СОВ, по што СОВ донесе Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година (арх. бр. 25-1834/10, од 6 април 2023 година).

**14. Одржана работна средба со млади за консултации со цел креирање на Национална стратегија за млади 2023 – 2027**

Согласно планот за посета на сите осум плански региони, со цел запознавање на младите со новата Национална стратегија за млади 2023 – 2027, која ја подготвува Агенцијата за млади и спорт (АМС) со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), во Велес се одржа работна средба за консултации со младите, со претставници на ученичките и средношколски заедници, со претставници на младински здруженија, подмладоци на политички партии, претставници на Младинскиот центар од Велес, на Локалниот младински совет и други групи млади, кои дискутираа и ја разгледуваа првата драфт верзија

на новата Стратегија, во која ќе бидат имплементирани предлозите и идеите од младите.

Националната стратегија за млади 2023 – 2027 ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социо-економската положба на младите и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси.

**Линк:** https://veles.gov.mk/%d1%81%d0%b5-%d0%b8%d0%b7%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0/

## 15. Одржана работна средба со Градоначалник со цел креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година

Согласно Одлуката за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС во 2023 година (арх. бр. 11-700/10, од 16.02.2023 година), беа одржани вкупно осумнаесет (18) средби / консултации / фокус групи / состаноци со млади луѓе од Општина Велес, како и со останати релевантни и засегнати страни, а воедно и со Градоначалникот на Општина Велес, во временскиот период февруари / март 2023 година, со цел прибирање предлози и идеи за реализација на активности и иницијативи кои ќе бидат претставени во годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година.

Работната група ги прибра и ги срочи во еден заеднички текст предлозите и идеите произлезени од работните состаноци со засегнатите страни, насловен „Годишна Програма за работа на Локален младински совет на Општина Велес во 2023 година". Истата навремено ја достави до членовите на ЛМС Велес и до Службеникот за млади во Општина Велес, по што ЛМС Велес донесе Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година (арх. бр.11-700/20, од 17.03.2023 година). Истата беше доставена и до СОВ, по што СОВ донесе Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2023 година (арх. бр. 25-1834/10, од 6 април 2023 година).

## 16. Одржана втора седница на ЛМС Велес

На ден 17 март 2023 година (петок), а врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), членовите 44-а и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21) и согласно член 9 од Деловникот за работа на ЛМС Велес (арх. бр. 11-700/19), а по покана на Претседателката на ЛМС Велес, членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, ја одржаа Втората седница.

## 17. Учество на еко акција со млади

Со еко акција Општина Велес го одбележа првиот ден од пролетта, 21 март. Отпад се собираше од дворовите на општинските средни училишта и од спортските терени во близина на ОСУ „Јовче Тесличков" (локација кај железен мост). Во акцијата учествуваа млади од средните училишта во градот, претставници на

Младинскиот центар, Локалниот младински совет, како и вработени во ЈКП „Дервен", општинската администрација и Градоначалникот на Општина Велес.
**Линк:** https://veles.gov.mk/eko-akcija-za-odbelezuvanje-na-denot-na-proletta/

18. **Потпишан Меморандум за соработка за потребите на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" со УНФПА**

Врз основа на поднесената иницијатива од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) за вклучување на Општина Велес во заеднички проект (објаснето во точка 8 од овој Извештај), беше потпишан и Меморандумот за сорботка помеѓу Општина Велес и Фонд за население на Обединетите нации (УНФПА) со арх. бр. 08-640/5, од 31 март 2023 година.

19. **Донесен Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2023 година**

На триесет и третата седница на Советот на Општина Велес, одржана на 5 април 2023 година беше донесен Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЛМС Велес во 2023 година (арх. бр. 25-1834/10, од 6 април 2023 година).

На оваа седница на СОВ, членовите на ЛМС Велес за прв пат имаа можност да бидат присутни и да го следат текот на самата седница, да се запознаат со работата на Советот, а истовремено и да говорат пред присутните членови на СОВ во врска со точка од Дневниот ред.

20. **Присуство на официјално отворање на музичко – културно катче во МЦВ**

Музичко-културното катче во Младински центар, официјално се отвори и започна со работа согласно планот за работа на МЦВ. Настанот беше проследен и со музички концерт од страна на талентирани млади волонтери во МЦВ.
**Линк:**
https://mcv.mk/2023/04/11/%d0%be%d1%84%d0%b8%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%be-%d1%81%d0%b5-%d0%be%d1%82%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%bc%d1%83%d0%b7%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%be-%d0%ba%d1%83%d0%bb%d1%82%d1%83%d1%80%d0%bd/

21. **Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на барател, а во врска со финансиската, логистичката и административна поддршка која Општина Велес ја обезбедила за функционирањето на Канцеларијата за млади, Службеникот за млади, Локалниот младински совет, Локалното Собрание на млади и Младинскиот центар во 2022 година, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 26 април 2023 година (арх. бр. 26-2046/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до барателот на информацијата.

22. **Одржана трета седница на ЛМС Велес**

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), а согласно членовите 44-а, 44-б

и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21) и членовите 2, 7 и 8 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-700/19, од 17.03.2023 година),на ден 25 април 2023 година (вторник), а по покана на Претседателката на ЛМС Велес, членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, ја одржаа третата седница.

**23. Радио интервју со Службеник за млади**

По покана на уредникот на Програмата на Македонско радио Радио 2, на ден 4 мај 2023 година, со почеток во 11:00 часот, беше реализирано интервју со Службеникот за млади во живо во емисија на теми кои ја покриваат областа *млади*, како и заложбите на Општина Велес што како единица на локалната самоуправа ги презема кон и за младите.

Теми на разговор:

1. Проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" кој Општина Велес го спроведува со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА);
2. Процесот на отворање на Младински центар во Велес;
3. Процесот на отворање на Локален младински совет на Општина Велес;
4. Процесот на отворање на Европска куќа во Велес (поддршка и бенефит на младите);
5. Вклученоста на Општина Велес и младите од Општина Велес во процесот на подготовка на Националната Стратегија за млади 2023-2027 и
6. Организирањето активности за одбележување на Европската недела на мобилност секоја календарска година (активности во кои се вклучени младите).

**24. Одбележан Денот на Европа, 9 Мај**

Во рамки на активностите за одбележување на 9 Мај, Денот на Европа, Општина Велес во соработка со Младински центар Велес, а со поддршка на Локалната библиотека „Гоце Делчев", организираше едукативна работилница за промовирање на европските вредности и споделување на лични искуства на младите велешани стекнати за време на поединечните учества на европски проекти, организирани во Велес и/или државите членки на Европската унија.

**25. Остварена средба и обраќање на Службеникот за млади со/кон млади, во рамки на проектот „Локални младински банки"**

По покана на ЗГ „Младите можат" од Скопје, Службеникот за млади од Општина Велес, на 19 мај 2023 година зема активно учество со свое обраќање на неформална средба со членовите на одборот на проектот „Локални младински банки", како и со останати млади од Велес, во просториите на Општинската организација на Црвен Крст, Велес.

На средбата беа поканети и присуствуваа членовите на ЛМС Велес.

Од страна на членовите на одборот на проектот беа претставени трите претходно организирани модули, дел од самиот проект и беше претставена нивната идеја и замисла за креирање на акциски план и промотивни проектни активности.

Службеникот за млади и членовите на ЛМС Велес споделија информации во врска со работата на општината во областа *млади*, нејзините заложби и посветеност кон младите, а со тоа ја доближија и поблиску објаснија работата на општината во врска со младите од локалната заедница.

**26. Учество на 5. меѓународна Конференција на чинители од земјите членови на партнерството „Europe Goes Local", Стокхолм, Шведска**

По покана на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ), која во месец април 2023 година стана рамноправен партнер во европската иницијатива Europe Goes Local, Службениците за млади од општините Велес и Пробиштип, како и младинските работници од Младинските центри од Охрид и Куманово, учествуваа на 5. европска Конференција „Европа оди Локално" во Стокхолм, Шведска, заедно со повеќе од 170 учесници од 27 земји.

По барање на координаторот од белгиската Национална агенција за Програмата Еразмус+, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, под чија надлежност е имплементацијата на ова партнерство, состави национална делегација од претставници на четири општини (двајца Службеници за млади и двајца младински работници) и еден претставник од НА.

Настанот беше организиран со цел да го зајакне младинскиот сектор на локално ниво во сите земји членки, но и да даде европска димензија на општините кои работат на развојот на младинската работа.

На настанот се реализираше и состанок со Делегацијата на Обединетите нации кои директно се вклучуваат во поддршката на младите и нивните иницијативи на регионално ниво.

Поддршката од страна на НАЕОПМ на општините и Младинските центри е постојана и има за цел градење на капацитети на меѓународно ниво кои се применуваат за поддршка на младите на национално ниво, а со тоа го потврдува нејзиниот статус на стабилен партнер на младите.

**Линк:** https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=631130095728024&id=100064931164341

**27. Одржана средба со амбасадорката на Кралството Шведска Н.Е. Ејми Ларсон Цејн**

Во рамки на овогодишната програма на Делегацијата на Европска Унија за прослава на Денот на ЕУ, отпочна пилот активност за поддршка на Локални младински совети, преку поврзување на истите со една амбасада на земја членка во државата во улога на „ментор". Поврзувањето има за цел да се поттикне зајакнување на младинското учество и дијалогот меѓу локалните власти и младите граѓани преку Тимот на Европа (TeamEurope) за поддршка на Локалните младински совети.

На 12 јуни 2023 (понеделник), во Велес, се одржа 'kick-off' средба на амбасадорката на Кралството Шведска, Н.Е. Ејми Ларсон Цејн, со претставници на ЛМС Велес, со млади и со Службеникот за млади, со што беше означен почетокот на соработката на амбасадорката/амбасадата со Локалниот младински совет од Велес.

Амбасадорката на почетокот оствари неформална средба со локалните млади, на која тие ги споделија своите размислувања за младинските прашања и

приоритети, како и идентификување на нивото на свесност на локалните млади за постоењето на ЛМС и неговата улога.

Средбата потоа продолжи со дискусија со членовите на Локалниот младински совет и се разговараше за идентификување на степенот на разбирање на ЛМС, за неговата улога, за предизвиците и барањата на младите во својата заедница, степенот на кој гласот на младите се слуша или препознава од ЛМС, а со тоа и од општината. Средбата се искористи и за размена на информации за административните, организационите и други предизвици со кои се соочува ЛМС.

На крајот од посетата, амбасадорката оствари средба и со Градоначалникот на Општина Велес, при што се споделија информации за утврдената состојба на терен и создадавање основа за подобрување на условите за работа како на ЛМС, така и на генералното живеење на младите од општината.

**Линк:** https://veles.gov.mk/veles-e-doma-in-na-pettoto-izdanie-na-di/

**28. Одржана четврта седница на ЛМС Велес**

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), а согласно членовите 44-а, 44-б и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21) и членовите 2, 7 и 8 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-700/19, од 17.03.2023 година), членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, ја одржаа четвртата седница на ЛМС Велес.

**29. Одржана петта седница на ЛМС Велес**

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), а согласно членовите 44-а, 44-б и 44-ж од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/21) и членовите 2, 7 и 8 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-700/19, од 17.03.2023 година), членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, ја одржаа петтата седница на ЛМС Велес.

По покана на Претседателката на ЛМС Велес, на петтата седница на ЛМС Велес присуствуваа и активно земаа учество по точките од Дневниот ред претставници на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и на Фондот за население на Обединетите Нации (УНФПА), како и претставници на Младинскиот центар од Велес.

**30. Учество на настан за вмрежување на ЛМС-и, „Младински бран", Гевгелија**

На покана на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и на Службеникот за млади од Општина Гевгелија, членовите на ЛМС Велес, волонтерите од Младински центар Велес и Службеникот за млади од Општина Велес, земаа учество на настан за вмрежување на млади, насловен „Младински бран", кој го организираше ЛМС Гевгелија. Настанот имаше за цел да ги обедини и поврзе сите заинтересирани Локални младински совети и да креира платформа за споделување и размена на искуства, идеи и предизвици со кои се соочуваат во работата со младинската заедница. За време на настанот беше организирана и работилница на која присуствуваа претставници и Службеници за млади од повеќе

градови. Истовремено беше потпишан и Меморандум за соработка помеѓу ЛМС Велес и ЛМС Гевгелија.

**31. Одржана работна средба со Градоначалник на Општина Велес и УНДП/УНФПА**

На Барање на УНДП и УНФПА, на 12 јули 2023 година, беше одржана работна средба со Градоначалникот на Општина Велес, на која беа претставени активностите со кои Општина Велес ќе биде поддржана во рамки на проектот насловен „Млади за инклузија, еднаквост и доверба". За истиот претходно беше потпишан Меморандум за соработка со УНДП и со УНФПА.

**32. Доставени предлог идеи за дополнување на законските одредби во Законот за младинско учество и младински политики**

Во рамки на процесот за изменување и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики, на национално ниво, до сите Службеници за млади во единиците за локалната самоуправа беше доставена информација за доставување предлог идеи за подобрување на законските одредби во Законот за младинско учество и младински политики.

Процесот на изменување и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики се спроведува на национално ниво, а го реализираат Агенцијата за млади и спорт, Националниот младински совет и останати организации за млади, младински организации и/или чадор младински организации.

**33. Учество на обука за подигнување на капацитети на Локални младински совети и Службеници за млади, Маврово**

По покана на Канцеларијата на Фондот за населеление на Обединетите Нации (УНФПА) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), членови на ЛМС Велес и Службеникот за млади во Општина Велес, како и останати претставници на ЛМС-и и Службеници за млади од останатите четири партнер-општини на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", земаа учество на обука за градење на капацитетите на Локалните младински совети, која се одржа во Маврово, во периодот од 26 до 28 јули 2023 година.

**34. Одржан работен состанок со ЛМС Гевгелија во Велес**

На 10 август 2023 година, во просториите на Младинскиот центар во Велес, беше одржан неформален работен состанок со претствници на ЛМС Гевгелија и Службеникот за млади од Општина Гевгелија. Истите имаа можност да се запознаат со работата и активностите на МЦВ, а истовремено да ги видат и работните и просторни услови во кои функционира МЦВ.

На состанокот беа споделени информации во врска со процесот на отворање, а потоа и на работење на Младинскиот центар од страна на Службеникот за млади од Општина Велес, што како позитивен пример на спроведување на административниот дел од овој процес беше претставен и ќе послужи на Општина Гевгелија како пример за отпочнување со процесот на отворање на Младински центар во нивната општина.

**35. Одбележан меѓународниот Ден на младите, 12 август 2023**

Во организација на Младинскиот центар Велес и на ЛМС Велес, а со поддршка на Општина Велес беа организирани два настани (11 и 12 август 2023 година) за млади со цел одбележување на меѓународниот Ден на младите, 12 август.

На 11 август 2023 година, во просториите на Младински центар Велес се одржа панел дискусија на тема „Значењето и можностите за поголемо вклучување на младите во локалната заедница", во која младите имаа можност да се запознаат, да се вклучат и заедно да дискутираат за правата, можностите и предизвиците со кои се соочуваат младите во локалната заедница. На настанот присуствуваа и младинскиот работник од МЦВ, Службеникот за млади и претставници на ЛМС Велес. Истовремено, денот беше искористен за одбележување на една година од официјалното отворање на МЦВ и споделување на постигнатите резултати и сите активности кои во минатата година беа реализирани во рамки на делувањето на МЦВ.

На 12 август 2023 година, пак, во организација на ЛМС Велес, во просториите на Европска куќа Велес, беше реализирана работилница со млади, претставници на ЛМС Велес и на МЦВ, по повод меѓународниот Ден на младите. На работилницата беа споделени информации во врска со постоењето и работењето како на ЛМС, така и на МЦВ, а во слободна дискусија со присутните се разговараше и за потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите во општината.

**Линкови:**

https://mcv.mk/category/%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%b8/

https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02VDVmT6jCeyXHs8CWQMerYDJqfo9y3HBeTYZR2GtvNcsiU8zt44YfdB5MQ8oWMMUnl&id=100084437627643&notif_id=1691759564851542&notif_t=feedback_reaction_generic&ref=notif

https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0GNU1RiprkSESUsmjSipixj5o8EnAAr2Hnjr92U95YAWqBpWTUoLhLGF5DZvqPvohl&id=100084437627643&notif_id=1691863091927218&notif_t=feedback_reactio

https://duma.mk/region/edna-godina-mladinski-centar-veles/?fbclid=IwAR27H4mYMMtxFo81hlNGBUs6RJdqNv0tclYHNvzGIJU83PTZUsAm0WD4zew

https://www.facebook.com/100094140394336/posts/pfbid0pMWVkEkg316AeUeDUuxjKXbjWY1keJnjnk51TDB4i5BaY3nqMxMLk39TfXqdffEvl/

**36. Одржан координативен состанок со Службеници за млади од општините Велес, Берово и Гевгелија во Агенција за млади и спорт, Скопје**

На покана на Агенцијата за млади и спорт, а по претходно направена анализа за избор на три општини, според работата на Службениците за млади, на 6 септември 2023 година, во просториите на Агенцијата за млади и спорт, беше одржан прв, информативен и координативен состанок со Службениците за млади од општините Велес, Гевгелија и Берово за отпочнување на нов проект на тема младинско учество и вклучување на младите во донесувањето одлуки на локално ниво во областа на животната средина и климатските промени, финансиски поддржан од Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ). На состанокот се утврдија насоките, делувањата за сите засегнати партнерски страни.

Финансиска поддршка за реализација на проектните активности, Агенцијата за млади и спорт, обезбедува од УНИЦЕФ, а проектот се спроведува во три фази.

- Прва фаза – обука за Службеници за млади и членови на ЛМС-и од трите партнерски општини, во Охрид, 15-17 септември 2023 година / потпишување Меморандум за соработка помеѓу Општина Велес и Агенција за млади и спорт.
- Втора фаза – трите ЛМС-и организираат настан во своите општини со цел консултација со младите и утврдување приоритетен проблем (поврзан со животната средина и климатските промени на локално ниво) за кој решение понудува проектот. АМС обезбедува експерти од областа кои ќе ги подготват потребните документи (проект или проектна документација или елаборат, која ќе ѝ ја даде како готов продукт на општината). На настанот беа присутни млади, претставници на ЛМС и МЦВ, претставници на АМС и УНИЦЕФ, Службеник за млади, ЗГ со еколошки предзнак, претставници од општинската администрација од Одделенијата за животна средина, комунални услуги и ЛЕР.
- Трета фаза – во организација на Општина Велес, во просториите на Европска куќа беше презентирана нацрт-проектната документација (елаборат) за избраното предлог-решение од страна на младите (Точка 52 од овој Извештај).

АМС се обврзува во текот на 2024 година да организара т.н. Самит за климатски промени во Скопје, каде во присуство на сите градоначалници, сите ЛМС-и, амбасадори, УНИЦЕФ и други поканети, ќе се презентираат сите предложени Решенија и за таргетираните проблеми во трите општини.

## 37. Учество на обука во рамки на проект за климатски промени со Агенција за млади и спорт, Охрид

Во периодот 15-17 септември 2023 година, на покана на Агенцијата за млади и спорт, членови на ЛМС-и и Службениците за млади од трите партнер-општини кои се дел од проектот за климатски промени во партнерство со АМС и УНИЦЕФ, како и претставници на Агенцијата за млади и спорт, присуствуваа на обука во Охрид (прва фаза од проектните активности во рамки на проектот за климатски промени, во соработка со АМС).

## 38. Спроведени анкети со млади во врска со измените на Законот за младинско учество и младински политики

На Барање на овластениот теренски истражувач на Коалицијата на младински организации СЕГА за спроведување на активности во рамки на теренското истражување во Вардарскиот плански регион, г-ѓа Зага Колодезни, а како дел од проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“ и со цел граѓанскиот сектор активно да се застапува за унапредување на постојната законска регулатива за младинско учество, со што ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество за суштинско и транспарентно учество во процесите на донесување на одлуки и креирање политики, на 19 септември 2023 година, во просториите на Младински центар Велес, беше спроведена анкета, преку фокус група со млади, претставници од Младински центар Велес и на ЛМС Велес.

Анкетата има за цел да се идентификуваат потребите за интервенции за ефикасна примена на Законот за младинско учество и младински политики; зајакнување на свеста кај донесувачите на одлуки и јавноста за потребата од унапредување на примената на Законот за младинско учество и младински политики; развиен предлог Закон за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики преку широк консултативен процес.

**Линк:**
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0oaYFGhm8SeQU3vewVSwT3rb84sxcjFcKeiyYaxWUD8arWsyjLRhDwPWwQrj5Fxksl&id=100084437627643&notif_id=1695155215137582&notif_t=feedback_reaction_generic&ref=notif

### 39. Потпишан Меморандум за соработка со Агенција за млади и спорт

Во рамки на реализацијата на проектните активности кои се дел од заедничкиот проект за поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени на локално ниво преку вклучување на младите во донесувањето одлуки за политиките за животната средина во општината, на 26 септември 2023 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт (арх. бр. 08-700/54,од 26.09.2023 година).

Во проектот партнерски општини, покрај Општина Велес, се и Општина Гевгелија и Општина Берово.

Проектот финансиски е поддржан од УНИЦЕФ.

### 40. Реализирано интервју со Службеник за млади во врска со измените на Законот за младинско учество и младински политики

На Барање на овластениот теренски истражувач на Коалицијата на младински организации СЕГА за спроведување на активности во рамки на теренското истражување во Вардарскиот плански регион, г-ѓа Зага Колодезни, а како дел од проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“ и со цел граѓанскиот сектор активно да се застапува за унапредување на постојната законска регулатива за младинско учество, со што ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество за суштинско и транспарентно учество во процесите на донесување на одлуки и креирање политики, на 27 септември 2023 година, во просториите на Општина Велес беше реализирано интервју со Службеникот за млади во Општина Велес со цел идентификување на потребите за интервенција и измена на Законот за младинско учество и младински политики.

### 41. Промоција на филм за млади „Моите, твоите, нашите улици”

Во месец февруари 2023 година, дел од волонтерите на Младинскиот центар од Велес беа вклучени во снимање на филм за млади насловен „Моите, твоите, нашите улици”. Снимањето на филмот го овозможи Друштвото за маркетинг Медиа Контент ДООЕЛ Скопје, за потребите на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).

Документарниот филм е подготвен во рамки на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, имплементиран од страна на четири агенции на Обединетите нации: УНДП, УНФПА, UN Women и УНЕСКО, со финансиска поддршка на Фондот за мир на Обединетите нации.

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) контактираше тројца Службеници за млади од три општини, Битола, Струга и Велес (од вкупно петте во кои се имплементира проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба"), со цел да се воспостави контакт со заинтересирани млади кои имаат желба да бидат дел од реализација на снимање на филм за млади во истите. Целта на снимањето на филмот е прикажување на начинот на кој функционира еден градски простор што го делат различни, млади луѓе, поединци или групи со различно потекло, различни лични и животни приказни, интереси и друго. Истовремено, филмот има за цел да прикаже како просторот во кој заеднички делуваат младите го отсликува општеството, кои позитивни и не толку позитивни страни може да се согледаат низ него.

Филмот, пред младите кои беа дел од снимањето, Здруженија на граѓани, претставници на Општина Велес, медиуми, претставници на УНДП и други, беше промотивно прикажан на 5 октомври 2023 година, во просториите на Европска куќа Велес. Истовремено, во рамки на настанот, а по прикажувањето на филмот, беше организирана и дебата со присутните во врска со темата на филмот, како и перцепциите на младите за урбанистичкото планирање и градење на градови по мерка на младите.

**Линкови од објави:**

- Фејсбук: https://www.facebook.com/UNDPMK/videos/845897433910365/?extid=CL-UNK-UNK-UNK-AN_GK0T-GK1C&mibextid=Nif5oz
- LinkedIn: https://www.linkedin.com/posts/undp-mk_my-streets-your-streets-our-streets-undp-activity-7130146154272464896-K6Cj?utm_source=share&utm_medium=member_desktop
- Youtube македонска верзија: Моите, твоите, нашите улици
- Youtube англиска верзија: My streets, your streets, our streets
- Youtube албанска верзија: Rrugët e mia, të tuat, tonat

**42. Објавен Јавен повик за волонтерски ангажман на волонтер од локалната заедница**

Во рамки на регионалниот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" кој Општина Велес го спроведува во партнерство со УНФПА, а со цел зајакнување на вклученоста на младите во позитивни општествени промени и промовирање на меѓусебното разбирање во регионот, Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и Општина Велес објавија заеднички Јавен повик до сите заинтересирани млади, кои живеат на територија на Општина Велес, да се пријават и да имаат можност да бидат избрани на шестмесечен, волонтерски, времен ангажман да работат со Службеникот за млади во Општина Велес, но и во Младинскиот центар во Велес.

Проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба" ја истакнува критичната улога на младите како катализатори за градење инклузивни општества, олеснување на конструктивни дијалози и зајакнување на довербата меѓу различните заедници, потврдувајќи ги специфичните предизвици и можности со кои се соочуваат младите во своите земји. Со вклучување на младите во различни активности, како што се градење капацитети, дијалог на форуми, културни размени и иницијативи во заедницата, проектот им овозможува на младите луѓе да бидат активни креатори на промени. Преку нивното учество, младите се охрабруваат да промовираат конструктивен дијалог, почитување на различностите и меѓусебното

разбирање, со што ќе придонесат за долгорочен мир, стабилност и социјална кохезија во регионот.

Додека пак, волонтерот од локалната заедница има можност да работи половина работно време во општината под директен надзор на програмскиот аналитичар на УНФПА и дневен надзор на Службениците за млади во општината, но истовремено и во Младинскиот центар во истата општина.

Детали во врска со волонтерскиот ангажман и Јавниот повик, на следниот линк.
**Линк**: https://veles.gov.mk/mozhnost-da-se-bide-volonter-na-on-vo-zae/

## 43. Одржана работилница за утврдување идеја (еко проблем) за реализација во рамки на проект за климатски промени

Во просториите на Европска куќа Велес, на 13 октомври 2023 година беше реализирана втората фаза од проектот за климатски промени на Агенцијата за млади и спорт, проект во кој се вклучени општините Велес, Гевгелија и Берово, а финансиски е поддржан од УНИЦЕФ.

Имено, во присутво на млади, ученици од општинските средни училишта, Здруженија на граѓани со еколошки предзнак, претставници на АМС, претставници на Одделенијата за животна средина и Локален економски развој во Општина Велес и Младински центар Велес, Општина Велес со ЛМС Велес организираше работилница за млади кои имаа задача да детектираат еко проблем на тема Заштита на животна средина / климатски промени на локално ниво, односно младинско учество и вклучување на младите во донесувањето одлуки на локално ниво во областа на животната средина и климатските промени. Идентификуваниот проблем од младите, како проблем на локално ниво, беше соопштен пред експертите/консултантите од темата кои ги ангажираше АМС, со цел изготвување проектна документација / елаборат со решение за истиот.

Решението подготвено од страна на консултантите, во форма на елаборат, ќе биде соопштено и презентирано пред Градоначалникот на Општина Велес, СОВ, учесниците на работилницата и претставниците на УНИЦЕФ.

Додека пак во третата фаза на проектот, на почетокот на следната календарска година, во Скопје, во организација на АМС, ќе биде организиран т.н. Самит за климатски промени, на кој пред претставниците на сите три партнер-општини на проектот, пред претставници на УНИЦЕФ и АМС, Градоначалниците на трите општини, членови на општинските совети и млади од трите општини, на Градоначалниците ќе им бидат врачени готовите решенија, елаборати во врска со предложените идеи од младите.
**Линк:** https://veles.gov.mk/mladinsko-uchestvo-vo-politiki-za-zhivot/

## 44. Одржано интервју со кандидати по објавен Јавен повик за волонтер од заедницата

По завршување на Јавниот повик за пријавување на кандидати за волонтер од локалната заедница, на 13 октомври 2023 година, преку интернет платформата Zoom, беше спроведено интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

На Јавниот повик од четири пријавени кандидати, двајца ги исполнуваа условите и истите беа повикани на интервју, кои пред Комисијата составена од претставници на општинската администрација и УНФПА се претставија себе си и очекувањата од волонтерскиот ангажман.

### 45. Учество на регионална Конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво „Младински соседски дијалози: Сега за иднината!", Скопје

По покана од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Службеникот за млади, претставници на ЛМС Велес и УН волонтерот, земаа учество на Регионална конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво „Младински соседски дијалози: Сега за иднината!", што се одржа на 25 и 26 октомври 2023 година, во Јавна соба, Скопје. На истата присутни беа и Службеници за млади од други општини, претставници на ЛМС-и од други општини, претставници на УНДП, УНФПА, АМС, ОБСЕ, на младински организации и организации за млади кои делуваат на национално ниво, а истовремено оваа Регионална конференција обедини 50 млади локални носители на одлуки од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија и Србија на тема младински политики и конструктивни наративи на локално ниво.

Оваа Регионална конференција е дел од активностите кои се во рамки на партнерскиот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", кој Општина Велес го спроведува со партнерите Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА).

Конференцијата имаше за цел да создаде дијалог и да се сподели знаење што ќе придонесе за зајакнување на меѓусебното разбирање, конструктивните наративи и почитта кон различностите. Учесниците заеднички идентификуваа успешни модели и иницијативи за учество на младите во одлучувањето на локално ниво во регионот.

Настанот опфати клучни и критични теми, вклучувајќи преглед на политиките и законските рамки за младинско учество, споделување на најдобрите практики, јакнење на капацитетите и развој на вештини, истакнување на иницијативи предводени од младите и генерирање препораки за развој на политики.

Истовремено, во рамки на Конференцијата, Службеникот за млади од Општина Велес беше директно вклучен со ангажман за модерирање на една од предвидените четири паралелни работилници со наслов „Службеници за млади - Линк со општината".

**Линк:**
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid02RuEXmZw8pUBS4QShs4GsKLpzVNp9wZ8ndNabQfourBs759bo7Ndcm3k88TkkpNy7l&id=100064708177937

### 46. Обука за градење на капацитетите на Локалните младински совети и Службеници за млади, Велес

Како дел од активностите кои се во рамки на партнерскиот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", во периодот од 2 до 5 ноември 2023 година, во Велес беше одржана Обука за градење на капацитетите на Локалните младински совети и Службениците за млади, во организација на УНДП и УНФПА, на која учество земаа претставници на ЛМС Велес, МЦВ и на другите партнерски општини кои се дел од проектот.

Логистички партнер за имплементација, на Обуката беше Младински образовен форум, Скопје.

**47. Менторство и соработка со волонтер од локалната заедница на Програмата за волонтери на Обединетите нации (УНВ)**

Согласно Меморандумот за соработка помеѓу Општина Велес и УНФПА, волонтерот на Обединетите Нации од локалната заедница го започна својот волонтерски времен ангажман во Општина Велес (менторство и административна обука заедно со Службеникот за млади) и во Младинскиот центар во Велес (практична работа) на 6 ноември 2023 година.

Проектот предвидува финансиска поддршка за волонтерот, обезбедена преку Програмата за волонтери на Обединетите нации (УНВ) во времетраење од шест месеци.

Детали во врска со објевениот Јавен повик и одржаното интервју со пријавените кандидати се објаснети во точките 42 и 44 од овој Извештај.

**48. Одржана zoom средба со ЛМС Харносанд, Шведска**

По остварената прва средба со Н.Е. Ејми Ларсон Цејн, амбасадорка на Кралството Шведска со претставниците на ЛМС Велес, соработката продолжи со тоа што беше овозможено поврзување на ЛМС Велес со ЛМС од градот Харносанд, Шведска. Првата неформална средба, се одржа преку интернет платформата Zoom, на која присуствуваа и се обратија амбасадорката на Кралството Шведска, претставници од ЕУХ Скопје и Велес, Службеникот за млади од Општина Велес, како и претставниците на двата ЛМС-и.

ЛМС Велес е првиот Локален младински совет во државата, кој со поддршка на Делегацијата на Европска унија и Европска куќа, оствари директна комуникација со амбасадата на Кралството Шведска, а тоа резултираше со остварување меѓународна соработка за поврзување со Локалниот младински совет од градот Харносанд, Кралство Шведска.

Детали во врска со првата средба се дадени во точка 27 од овој Извештај.

**49. Одржан работен состанок со консултант на проектот за климатски промени на АМС**

За време на консулатитвниот состанок, консултантот ангажиран од страна на Агенција за млади и спорт и УНИЦЕФ извести дека ќе ја отпочнат постапката за пишување на нацрт-елеборат за идејата предложена од младите (прва одржана работилница со млади, одржана на 13 октомври 2023 година, на која се предлагаа идеи и се избра една од страна на младите, поставување вендинг машини за собирање пластична амбалажа и лименки) со предлог локации за поставување на вендинг машините во Велес.

На состанокот се разговараше за можни локации на отворен простор во градот каде би можеле да предложат да бидат поставени машините.

За да предложат локации им беше потребна електронска мапа на Велес, за што со раководителите на Одделението за урбанизам и на Секторот за урбанизам се оствари комуникација и на консултатнот му беше дадена потребната информација.

На настанот што треба да се одржи на 7 декември 2023 година, во просториите на Европска куќа, ќе биде презентирана идејата за поставување на вендинг машините.

Предлог локации може да се предложуваат и за време на настанот на 7 декември 2023.

**50. Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември**

Со организирање на интерактивна панел дискусија на тема „Можности за волонтирање преку Програмите на Меѓународните организации", на која активно учество земаа ученици од општинските средни училишта од градот (претставници на ученичките заедници), претставници на Локалниот младински совет од Општина Велес, волонтери од Младинскиот центар во Велес, како и со претставници на младинските клубови на Здруженијата на граѓани од Велес, Општина Велес и оваа година го одбележа Меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември.

Присутните ги поздрави Градоначалникот на Општина Велес, а на панел дискусијата говореа волонтери кои волонтираат во Велес преку Програмите на меѓународните организации: Програма за волонтери на Обединетите нации (УНВ) и на Мировниот корпус и ги претставија нивните проекти, како и целите на Програмите преку кои ги реализираат нивните волонтерски активности.

**Линк:** https://veles.gov.mk/odbelezhan-me-unarodniot-den-na-volon/

**51. Остварен координативен online состанок со претставници од општинска администрација, УНФПА и МОФ**

Согласно динамиката на проектните активности дел од проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", а во врска со реализацијата на активностите на УНВ волонтерот во Општина Велес, беше одржан координативен состанок на кој се разговараше за досегашните и идни активности на УНВ волонтерот во Општина Велес.

На состанокот беа присутни претставници на општинската администрација, УНФПА, МОФ, како и самиот УНВ волонтер.

**52. Презентација на нацрт-елаборат во рамки на проектот за климатски промени (АМС)**

Согласно динамиката на активности и претходно утврдениот датум, на 7 декември 2023 година (четврток), во просториите на Европска куќа Велес, се одржа вториот настан во организација на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт (АМС), а во рамки на Проектот за поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени на локално ниво преку вклучување на младите во донесувањето одлуки за политиките за животна средина, поддржан од Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ).

На вториот настан, беше презентирана нацрт-проектната документација за одбраниот проект, поставување на вендинг машини за собирање на пластична амбалажа и лименки, којшто едногласно од страна на младите беше изгласан како приоритетен од предложените 17 предлози на првиот одржан настан за детектирање еко-проблеми на локално ниво, кој се одржа на 13 октомври 2023 година (линк: https://veles.gov.mk/mladinsko-uchestvo-vo-politiki-za-zhivot/).

Покрај ангажираниот консултант за изработка на нацрт-елаборатот од страна на АМС, на настанот беа присутни и претставници на УНИЦЕФ, претставници на средношколските заедници од општинските средни училишта, членови на Локалниот младински совет на Општина Велес, на Младинскиот центар од Велес,

претставници на Здруженијата на граѓани од Велес со еколошки предзнак, претставници на општинската администрација од Одделенијата за Јавни дејности, урбанизам и животна средина, како и членови на Советот на Општина Велес.

Овој проект се спроведува во три партнер-општини: Велес, Гевгелија и Берово, за што логистичка поддршка обезбедува АМС, додека пак финансиска поддршка за реализација на предложените идеи од страна на младите, обезбедува УНИЦЕФ.

**Линк:** https://veles.gov.mk/prezentiran-nacrt-proektot-za-postavuvanje-vending-mashini-za-sobiranje-plastichna-ambalazha-vo-opshtina-veles-predlozhen-od-strana-na-mladite-veleshani/

## 53. Остварување и одржување комуникација и соработка со партнери / соработници / засегнати страни

Со цел навремено информирање, остварување контакти и продлабочување на соработка, реализација на иницијативи и проектни активности, Службеникот за млади од Општина Велес остварува и одржува редовна комуникација со сите засегнати страни од делокругот на неговата работа: со млади од заедницата, Младинскиот центар во Велес, со членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, со останати Службеници за млади од други општини, со претставници на младински организации, организации за млади и младински чадор организации, Сојуз за младинска работа (СМР), Коалиција на младински организации СЕГА, со Агенцијата за млади и спорт (АМС), Здруженија на граѓани од градот и државата и со останати форми на младинско организирање и здружување, претставници на амбасади, меѓународни фондови, организации и институции, УНДП, УНФПА, УНИЦЕФ, УНВ, Делегација на Европска унија, Европска куќа Велес, но и со Европските куќи од Скопје, Крива Паланка, Струмица и Битола, Мировен корпус, ОБСЕ и други, а истовремено остварува и одржува редовна комуникација и соработка и со Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) и согласно Решението за именување на Службеник за млади (арх. бр. 08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади изготвува годишен Извештај за својата работа и истиот го доставува до Агенцијата за млади и спорт.

Поради почитување на принципите на транспарентност, отчетност и јавност, Службеникот за млади го доставува истиот Извештај и до Градоначалникот на Општина Велес и до Советот на Општина Велес.

Следствено на ова, а врз основа на законските одредби, Извештајот ќе биде јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес (во делот *„МЛАДИ"* / *„СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ"*, линк: https://veles.gov.mk/sluzbenikmladi/).

**Легенда на кратенки:**

1. АМС – Агенција за млади и спорт
2. ГО – Граѓанска организација
3. ЕУ – Европска унија
4. ЕУХ – Europe house (Европска куќа)
5. ЗГ – Здружение на граѓани
6. ИО – Иницијативен одбор
7. ЈП – Јавно претпријатие
8. ЛБ – Локална библиотека
9. ЛМС – Локален младински совет
10. ЛСМ – Локално собрание на млади
11. МОФ – Младински образовен форум
12. МЦВ – Младински центар Велес
13. НА – Национална агенција
14. НАЕОПМ – Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
15. НВО – Невладина организација
16. Н.Е. – Негова / Нејзина Екселенција
17. НМСМ – Национален младински совет на Македонија
18. НУ – Национална установа
19. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
20. ОО Црвен крст – Општинска организација на Црвен крст
21. РСМ – Република Северна Македонија
22. СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка
23. СЕГА – Коалиција на младински организации СЕГА
24. СМР – Сојуз за младинска работа
25. СОВ – Совет на Општина Велес
26. УНВ – Програма за волонтери на Обединетите нации (UNV – Un Volunteers)
27. УНЕСКО - Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации
28. УНИЦЕФ – Фонд за деца на Обединетите нации
29. УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
30. УНФПА – Фонд за население на Обединетите нации

**Доставено до:**

- Градоначалник на Општина Велес;
- Совет на Општина Велес;
- Агенција за млади и спорт;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

**Датум:**
**2 јануари 2024**
**Велес**

**Изработил:**
**Службеник за млади во Општина Велес,**
**Владимир Смилев**